**З А П И С Н И К бр. 49**

Од одржаната 49-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 08.05.2020 год. со почеток во 12:30 ч, во т на културата во Зрновци. Седницата започна со сите советници . Останати присутни:, Градоначалникот, Горан Кокев, Ленче Илиова, Благој Богатинов – преставник од АД Водостопанство - Кочани и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 48 седница**
2. **Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Зрновци за прво тромесечие ( К1,К2 и К3) за период 01.01 – 31.03.2020 година,**
3. **Одлука за усвојување на тримесечниот извештај за финансиското работење на КЈП Водна Кула Зрновци за период 01.01 – 31.03.2020 година,**
4. **Информација за работата на кризниот штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на ширењето на Корона вирусот на подрачјето на општина Зрновци,**
5. **Информација за финансиската импликација за време на вонредната состојба**
6. **Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на ИПР за 2019 година со финансиски извештај донесена од страна на ИПР,**
7. **Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на ИПР за 2015 – 2019 за 2019 година донесена од страна на ИПР**
8. **Информација за работењето на АД Водостопанство на РМ Подружница Кочани и активностите кои се преземаат за реализација на планот за наводнување**
9. **Разно**

Тек на седницата: Претседавачот ја отвори седницата и отвори дискусија по дневниот ред. Претседавачот предложи поради гостот од АД Водостопанство 8-мата точка да биде втора.Советниците со 9-ЗА гласа го усвоија дневниот ред.

1. **Усвојување на записникот од 48 седница,**

Претседателот отвори дискусија по записникот. Никој не побара збор. Записникот беше усвоен со 9-ЗА гласа.

2. **Информација за работењето на АД Водостопанство на РМ Подружница Кочани и активностите кои се преземаат за реализација на планот за наводнување,**

Претседателот отвори дисусија по точката и даде збор на преставникот од АД Водостопанство на РМ – подружница Кочани Благој Богатинов. Тој ги информира присутните дека друштвото се труди да ги исчисти вадите и најави наскоро доаѓање на машината за чистење на каналот. Спомна дека друштвото е со лимитирани средства и човечки ресурси и предложи формирање на општинско тело за подобрување на соработката во насока на остварување на планот за наводнување и решавање на други тековни проблеми (посебно загадувањето на вадите и каналот со отпад). Тој кажа дека тој би бил еден од членовите на ова тело како преставник од АД Водостопанство. Градоначалникот кажа дека во општината има повеќе проблеми го спомна неисчистениот канал за наводнување кој поминува низ селото, кај училиштето и на излезот од селото дека треба истиот да се исчисти и да се оспособи испустниот вентил кој порано бил користен за чистење на оваа делница. Понатаму тој спомена за неколкуте места каде водата истекува од вадата за наводнување и прави шптета на приватните поседи (виничка вада, вадата во дворот на Стојанка, кај Ане Костов, кај Морошка вада и сл. Тој предложи општината да даде вреќи со цемент а вработени од друштвото да ги санираат проблемите`. Градоначалникот кажа дека има потреба и од покривање на излезот од каналот на селото на кај Мородвис и дека за ова и за останатото општината писмено ќе се обрати до АД Водостопанство.

Информацијата беше усвоена со 9-ЗА гласа.

3. **Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Зрновци за прво тромесечие ( К1,К2 и К3) за период 01.01 – 31.03.2020 година,**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на Ленче Илиова. Таа накратко го појасни извештајот и побара прашања доколку ги има. Немаше прашања и извештајот беше усвоен со 9-ЗА гласа.

4. **Одлука за усвојување на тримесечниот извештај за финансиското работење на КЈП Водна Кула Зрновци за период 01.01 – 31.03.2020 година,**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на Директорот Горан Кокев. Тој накратко го појасни извештајот каде се вели дека наплатата е намалена за околу 30% поради карантинот и дека лицата под договор за дело не се ангажирани поради новата уредба.Градоначалникот кажа дека имало реакции од граѓаните за наплатата од 1500 ден за влез во гробиштата при погреб, од страна на погребалните оператори и го праша Директорот колку ваквите средства реално се наплаќаат и дали може КЈП да се откаже од овие средства. Директорот кажа дека тешко се наплаќаат овие средства и дека операторите завлекуваат при плаќањето. Беше развиено дискусија и околу воведување на такса во сметката за смет за уредување и одржување на гробиштата. Беше предложено на УО да направи калкулација која сума би била доволна за оваа намена. Градоначалникот воедно ги информира советниците дека кукичката во гробиштата се реновира и дека е во финална фаза. Здравко Иванов праша дали е можно некои лица од Видовиште да не се вметнати во системот на наплата ( праша конкретно за брат му) Му беше одговорено дека сите лица се во системот а можно е на некој да не му е дадена сметката за тековниот месец. Виктор Новков праша дали имало КЈП трошоци за време на кризата бидејќи во извештајот не е споменато. Му беше одговорено дека КЈП има потрошено околу 150кг хлор и нешто нафта за тракторите. Извештајот беше усвоен со 9-ЗА гласа.

5. **Информација за работата на кризниот штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на ширењето на Корона вирусот на подрачјето на општина Зрновци,**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на Градоначалникот.Тој ги информира присутните дека во општината бил формиран кризен штаб ( од 13 членови) и преземени биле мерки согласно препораките, за дезинфекција на простории и улици, биле делени маски, дел од донација дел набавени од страна на општината, ги информираше исто дека во општината има досега 4 заразени и едно починато лице од корона вирусот. Информацијата беше усвоена со 9-ЗА гласа.

6. **Информација за финансиската импликација за време на вонредната состојба**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на Градоначалникот. Тој кажа дека согласно уредбата е должен да ги информира советниците за преземените активности и финансиските импликации за време на неработењето на Советот. Тој кажа дека општината потрошила 10.000 ден + ДДВ за маски, биле дадени 2 х 500 ден за храна на ванчо Димитров и 500 ден на Валентин Славев ( за храна). Информацијата беше усвоена со 9-ЗА гласа.

7. **Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на ИПР за 2019 година со финансиски извештај донесена од страна на ИПР,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Градоначалникот кажа дека е ова редовна процедура каде ЦРИПР бара од сите совети поединечно усвојување на извештајот кои одлуки потоа најверојатно ги доставува до Министерството за локална самоуправа. Немаше дискусија и извештајот беше усвоен со 9-ЗА гласа.

8. **Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на ИПР за 2015 – 2019 за 2019 година донесена од страна на ИПР**

Претседателот отвори дискусија по точката. Никој не побара збор и одлуката беше усвоена со 9-ЗА гласа.

9. **Разно**

Претседателот отвори дискусија по точката.
Во врска со предлогот на Благој Богатинов за комисијата ( телото) за соработка со СД Водостопанство на РМ – подружница Кочани беа предложени следните лица:

- Тошо Андонов - советник
- Славчо Гиздовски - советник
- Кристијан Савев - администрација
- Горан Кокев – КЈП
- Благој Богатинов – АД Водостопанство

Одлуката беше изгласана со 9-ЗА.



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Понатаму беше споменато дека од страна на Валентина Гаврилова има барање за финансиска помош во врска со погребот на нејзиниот сопруг инаку заразен од корона вирусот. Градоначалникот кажа дека општината може да помогне максимално со 10.000 мкд. Одлуката беше донесена со 9-ЗА.

Градоначалникот ги информираше советниците дека од страна на Министерството за животна средина е одобрен проектот Изградба на крак од канализациона мрежа на ул Скопска но само во висина од 1.400.000 мкд. Остатокот од средствата општината треба да гин самофинансира и побара одлука од советниците. Одлуката беше донесена со 9-ЗА. ( за плаќање на разликата од одобрените средства 1.400.000 и сумата добена на тендер) Градоначалникот ги информира советниците дека етно куќата е скоро завршена но поради девијантни однесувања на поединци побара да се постави видео надзор околу куќата и околу градинката. Тој даде апел кон советниците да соберат и донираат стари предмети и експонати за во етно куќата. Душко Горгиев праша што стана со приколицата на КЈП. Му беше одговорено дека се потпишани два договори еден за приколицата и еден за хидроуликата. Благој Данев побара збор и ги информираше советниците околу новонастанатата состојба за реализација на проектот за зајакнување на општинските совети. Тој побара од сите советници да се изјаснат дали дозволуваат нивните тел броеви и емаил адреси да се постават на општинската веб страна. Одлуката едногласно беше донесена со 9-ЗА..

Седницата заврши во 14.32 часот.

**Записничар**
**Благој Данев**

**Претседател на Совет на општина Зрновци**
**Владо Ристов**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)